СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1440/2021
Дата....30-09-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерството за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени.**

Површината на планскиот опфат изнесува 244,42 ха.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y22021** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Планскиот опфат на комплексот се наоѓа во Пелагониската Котлина каде се изградени системи за наводнување и одводнување на обработливите површини. При изработката на планската документација да се утврди местоположбата на


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и одводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нејзина заштита.

6. Предметната локација се наоѓа во заштитната зона на спортски аеродром "Сарандиново" кој спаѓа во секундарната аеродромска мрежа. При изработка на планската документација од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај да се почитуваат важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.

7. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

8. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени,** задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерството за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 37508 до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени. Површината на планскиот опфат изнесува 244,42 ха.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1440/2021 од 28.09.2021 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија. претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на комплекс од градби за производство на електрична енергија од соларни и фотоволтаични електрани и други алтернативни обновливи извори (ветерни, хидроелектрани и др.) во КО Сарандиново, КО Новоселани и КО Бело Поле, Општина Долнени,** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Соња Фурнациска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk